„Во Џенетот има пазар на кој жителите ќе доаѓаат секој петок

Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Во Џенетот има пазар на кој жителите ќе доаѓаат секој петок. Ќе дува северен ветер кој ќе ги допира нивните лица и нивната облека, па нивната убавина и отменост уште повеќе ќе се зголемат. А кога ќе се вратат кај своите семејства, тие ќе ги пречекаат и ќе им речат: ‚Се колнеме во Аллах, се врativте уште поубави и поотмени отколку кога заминавте!‘ А тие ќе им возвратат: ‚И вие, се колнеме во Аллах, станавте уште поубави и поотмени откако се разделивме!‘“

[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека во Џенетот има место каде што жителите се собираат – без трговија, без купопродажба – и од каде земаат сè што ќе посакаат. Се собираат на секои седум дена, а потоа дува северен ветер кој ги допира нивните лица и нивната облека, па нивната убавина и сјај уште повеќе се зголемуваат. Кога ќе се вратат кај нивните семејства, тие ќе ги пречекаат и ќе им речат: „Се колнеме во Аллах, станавте уште поубави и посјајни откако се разделивме!“ А тие ќе им возвратат: „И вие, се колниме во Аллах, станавте уште поубави и посјајни!“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/8353